# РЕЧИТАТИВ ЗА ТЕМНИОТ ВИЛАЕТ




## Лазо ПЛАВЕВСКИ

# РЕЧИТАТИВ ЗА ТЕМНИОТ ВИЛАЕТ

карикатури од 2015-та

Лазо
**ПЛАВЕВСКИ**

е - издание

# Карикатури од 2015-та



Никогаш не сум поднесувал ангажирани карикатури. Тоа е аверзија од младоста. Знам дека тоа е битен, структурален елемент на хуморот кој за него можеби е и одредувачки. Хуморот е социјален жанр. Никој не прави заебанции за самиот себе. Случката на хуморот е социјална случка – хуморот е смешката на таа социјалност. Не постои невин хумор кој е упатен кон било кој. Тој е постојано виновен за нешто и крив кон некого.
Вон контекстот на вина нема хумор: тој мора постојано и ненадејно да надминува и проблематизира определени состојби и позиции. Некој мора да биде повреден, нешто мора да биде изглобено. Тоа е сè.
Нејасно е зошто, но карикатурата не е на сопственото ниво кога станува збор за партиципација во актуелноста, како ангажман, или она што вообичаено под тој термин се подразбира. Мислам на карикатурата воопшто. На сите места и во сите времиња. Овој став е повеќе илустрација за мојот однос кон проблемот отколку што е некаква реалност (на пример концептот на Шарли Ебдо е сосема прифатлив), но во огромен број случаи ангажираната карикатура е банална и веројатно е дека за таквата баналност мора да има некаква причина. Таа е рожба на масовните медиуми и како таква мора да биде разбирлива за многу широк круг публика, особено кога нешто е насочено кон заедницата како заедница. Таа е популистичка во својата основа, но и вербалните „вицеви“ ја имаат таквата платформа па успеваат да ја задржат и да ја изразат интелигентноста на комичното.
Поради ваквото чувство сум одбегнувал да се занимавам со овој жанр. Сопствените напори како карикатурист ги имам насочено кон некаква немост на комиката или карикатурата без зборови која се остварува во вон вербалниот простор на доживеалицата. Претпоставувам дека такво нешто реално постои. Она што може во некаков вербален толкувачки обид да биде реално совладано излегува од вредносните рамки на ваквата позиција. Мора да постои накаков визуелен или логички остаток кој ќе осмислува сè, некакво постојано лизгаво поместување на тежиштето кое вербалноста не може да го мапира како реален простор на исказот. Некаква суштинска немост на јазикот на визуелноста.
Сето ова го споменувам затоа што во случајот со мојата серија карикатури „Речитатив за Темниот Вилает“, за која овде станува збор, сето споменато мораше да биде напуштено. Морав да го напуштам просторот, поетиката на немоста и нејзината песна да ја прекинам со некаков речитатив за сето она што ми се чинеше неопходно во тој момент. Актуелноста никако не можев да ја „спакувам“ во рефлексивниот херметизам на немоста. Карикатурите, колку-толку, мораа да бидат комуникативни. Во овие карикатури „врие“ од зборови.
Лично не ми е јасно зошто сето тоа не ми „падна“ воопшто тешко.
Серијата карикатури е поттикната од кризата во македонското општество која



кулминираше со „Бомбите на Заев“, серија прислушкувани разговори емитувани во јавноста од 09. 02. – 16. 06. 2015 година. Карикатурите беа објавувани отприлика во споменатиот период на порталите „Окно“ и, на почетокот, во „+Инфо“.

Снимкие во јавноста почнаа да поттикнуваат формирање на нови јазични знаци на заедницата. Се формира знакот, именувањето „началниче“ (меѓусебно именување меѓу двајца соговорници од високите кругови во Министерството за внатрешни работи и јавните медиуми) кој во оваа серија стана постојан лајтмотив. Ако две човечки фигури облечени во долги капути и со големи шешири меѓусебно се обраќаат со „началниче“ тогаш тие прецизно се однесуваат на личностите кои јавноста веднаш ги препознава. Ваква ретка прилика за употреба на знак веќе формиран во јавноста не смееше да биде пропуштена.

Карикатурите беа објавувани во серии од 4 до 12 карикатури. Беа реализирани 11 серии. Воглавно сериите поседуваа некаква тематска целина актуелна во моментот на објавувањето.

Серијалноста веројатно предизвика карикатурите да ја загубат сопствената самостојност. Тие се дел од серија и серијалноста нив ги идентификува. Нивната структура лизга помеѓу карикатурата, стрипот и илустрацијата, сакајќи да биде отворена кон предизвиците на времето.

За разлика од моите поранешни проекти поврзани со карикатурата оваа серија карикатури не можеше да има некакво максимално јазично и цртачко ниво. Јазикот, изразот се формираше „во од“, без јасна претстава кон што сето тоа води, а цртежите беа онакви какви што беа – најчесто просечни со поединечни задоволувачки резултати во некои детали. Актуелноста во објавувањето не дозволуваше повторување на обидите што инаку претставува мој вообичаен метод во работењето. Се појави и колорот кој инаку постојано го избегнувам и неговата употреба, барем за мене, ќе остане трајно проблематична.

Во овој „Речитатив ...“ работев сѐ онака како што никогаш не сум работел. Поради тоа не сум не задоволен. Карикатурите не предизвикаа некаков особен интерес во јавноста што отприлика може да упати кон тоа дека тие и не се така лоши.

Зошто сето ова?

Кризата во која во моментов се наоѓаме е најголема политичка, културна, институционална и идентитетска криза на Република Македонија од 1944 година до денес. Урнати се сите еманципаторски придобивки на модерноста. Независно кој тоа го направил, за оваа криза сме сите виновни. Лично чувствувам дека за тоа најголема е вината на генерацијата на која припаѓам.

Виновни сме што таа наша битка против популизмот ја изгубивме, независно од тоа како, кога и дали воопшто кризата ќе заврши.

**Лазо Плавевски**
**декември, 2016 година**

# каменот од блиску доаѓа


Застани бе началниче, застани!!!



**цајканија**


кај гледаш бе
началниче,
кај гледаш!


еве Горде, си работам...


збоpуваш со Македонија?


!!!! Полиција
Полиција
Полиција!
ем бега
ем не́ вика


Јас овој партиски суд не го признавам. Мене може да ми суди само независниот суд на мојата Република Македонија.
Неверојатно! ...слично како пред скоро 90 години. Началниче, овие пак по ... старо!!!



**темен вилает**


Солидна градба е
овој наш Темен вилает
— а началниче?


Збогум
Темен
Виљдету!


Ни отиде вилаетов надалните!!!
Ева ти опозицијата – и сега што!



**судир**


Come on...!!!


To Be
OR NOT
To Be


Never! more!



стадо





Човечиња!!!
– ние не сме овци!
!!– Ние не сме овци!!


Бегај лаве,
ми го
вознемируваш
стадото!




**овчетина**


Началниче, кажи што ќе кажеш, ама без коњ не ја бива работава!!!


Meeeeeeeee....!


Началниче, не знам што им е денес - не се тераат!
Овци!!
Јави им се од мобилка - од мобилки се плашат!!!


...Ти потпиши ја пети-
цијава, пријави го
велепредавникот и
-"...ич глава да не те
боли!!"


Началниче, немаме природни ресурси: немаме море, немаме нафта, немаме...
А бе-главата горе - наш најголем ресурс ни е ова непрегледно море "ОВЧЕТИНА"!



готов е!


ГОТОВ Е!!


ГОТОВ
Е!!!


ГОТОВ Е!!!




**како бе**
**началниче?**


...е како бе началниче - не си ти!


...е како бе началниче
-не си ти!!


...е како бе началниче – не си ти!


...е како бе намалниче
-не си
Ти!!!...


а бе заборавам:
тој не направи вакви
или ние си го
создадовме
НЕГО!!

libertas


ебати животот.
македонски: кај и да
одиме – секаде
муви и смрдеж...
Што ќе


Гледај, лузериве се повторно на сцена! Но внимание, овојпат мораме некако да ги избербатиме!


LIBERTAS!
...НИТУ НОЖЕТЕ ИМ ГИ ИЗВЛЕКАВМЕ НИТУ НОЖЕТЕ...


LIBERTAS
газли нé газли пламенује;..
то не знајсме обновлив ресурс...



# хоризонт на вредности



Барок е
или
Класицизъм


одмори бе друже, напи се барем една чаша вода...


Вода пуштај
Неудалниче.
Вода


Дрн, дрн Јеринов: Морале да го напра-ват видлив новиот "Хоризонт на вредности"
Добро бе, што се заебаваат овие, зошто пламен-чињава да соого-руваат за џабе


Началниче, како се тепа пламен!
LiBERTAS


Немаме хоризонт.
О, Голем Мудросеру:
каде е нашиот
"хоризонт на
вредности"
Во неа!


за Македонија!


Началниче, не си веќе „началниче"!
Што е тоа бе „началниче"
Време е маските да паднат...
Време е
комунарите што
контрола
на тој терен.


Началниче, новата маска ти е фе-номенален изум. Затоа велат дека ти си роден теренец
!!!
Сè е под контрола: присутни сме секаде на терен.


Началниче, знам дека сум досаден, но дозволете ми повторно да Ви честитам за извонредната маска!
Ја бе глуп си то комуњара! маските паднаа, сега сум вистинскиот!


Началниче, меѓу нас има и комуњари!!


Комуњара?


а умревме за кого!!
за Македонија?



дубара


Требало кое некој го научил да те удри точно по средината на лицето
Дубара о научниче: комунарска дубара


Еј бела
комуњариве
пак ми
направила
некоја
ујдурма
!


Дубара е началниче: комуњарска дубара



СТОЈ!
Комуњарите пак ни ме-
стат дувари - ама
не знам каде




Дубеза е началниче:
комуњарска дупаре


дубара е началниче: комуњарска дубара




Најнов цајкански изум: го притиснав копчево и станавме невидливи...
О, не. Повторно е дубара на-чалниче: кому-нарска дубара. Пак се пробиле во служба и преку копчево не заебаваат - јас никогаш не пуштам цигари без филтер.


Дронови се началниче: треба ва мора да се дронови...
Дронови на втората интернационала


МАСОВЕН
УДАР




**the invisible horizont**



Што е камаради -апстинираш
Шефе, овде има многу работа а кога многу работам – многу се потам а тоа полека ме гасне




Началниче,
овие од мага-
цин мислат дека
се заебавам кога им на-
рачувам пиштоли на волја...


Што е камерава?
!
Ништо, имам температура


Овде ноќта е најтемна. Не можеме да сформираме ни хоризонт на вредности ни БУТУР. Што правиме...
Паставме од работа. Одиме под ТУШ


Добриот стар темен вилдет. Кај се сега либертаниве
Ќе се подвеле друг пат. Темниот вилдет си има сопствени хори-зонти. Гледај:
Тенката линија на хори-зонтот е здебе-лена по бес-крај - генијално


INVISIBLE
HORIZONT
WANTED

ајде камаради!


ајде камерали, нè чекаат уште мно-гу загубени битки

РЕЧИТАТИВ ЗА

# ТЕМНИОТ ВИЛАЕТ

Скопје, 2016



Лазо Плавевски (Скопје, 1954.) карикатури објавува од 1970. во повеќе списанија во земјава и странство. Во 1976. освојува Гран при награда на Светската галерија на карикатури во Скопје.
Во 1995. ја објавува „Нема книга / карикатури 1990 - 1993“, а во 2001. (заедно со Мирослав Грчев) книгата „Картички“.
Во форма на каталог / книга во 2009. публикуван е проектот „Неупотребливи белешки“.
Се занимава со ликовна критика.

Самостојни изложби

1977 – Скопје, (во рамките на Светската галерија на карикатури), Музеј на град Скопје
1992 – Скопје, Цртежи за Јане и Цена, Музеј на современата уметност
1995 – Скопје, Нема книга, Музеј на град Скопје
2006 – Скопје, Ретроспектива (неформален проект), Канцеларија 5
2009 – Скопје, Неупотребливи белешки, Музеј на град Скопје



Урааааааа
ураааааа
урааааааааа...!

